**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1191/**

# З А П И С Н И К

**Од 176.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 17.02.2022 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 176.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.

Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 175.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување на средства.

4. Ословувањето на МРТ како НРТ во јавноста и реакција на тоа.

5. Активности во врска со договорот со р.Бугарија за реципрочно пренесување на сигналите на Јавните медиумски сервиси од другата држава.

6. Активности на Комисијата за утврдување одговорност во МРА и Комисијата за имплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 175.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 175.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 175.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 175.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.
Виолета Димевска објасни дека Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година кој е усвоен од органите на управување на ЈРП МРТ и доставен до Собранието на РС Македонија и кој ги содржи показателите за финансиското работење на МРТ (вкупните планирани приходи и расходи) во 2022 година, е изработен согласно приходите и расходите кои се очекува да се остварат во тековната година со цел реализација на сите планирани програмски и други активности во тековната година.
Меѓутоа, во рамки на тековното работење и реализирањето на програмските потреби на Македонската телевизија, се јави потреба од измена на Финансискиот план на МРТ за 2022 година со пренамена на дел од планираните износи во одредени ставки во делот на планирани трошоци.
Имено, согласно Барањето за пренамена на финансиски средства со архивски број 14-1165/1 од 16.02.2022 година доставено од страна на Директорот на МТВ се врши пренамена на планираните износи во групата со реден број 27- од Финансискиот план на МРТ за 2022 година со наслов Други трошшоци од работење и тоа:
-трошковната ставка со наслов Трошоци за проект Евровизија се намалува за вкупно 3.700.000 денари и сега има вкупен планиран износ од 3.300.000 денари,
-за истиот износ, односно за 3.700.000 денари се дополнува трошковната ставка со наслов Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент и таа сега има вкупен планиран износ од 9.200.000 денари.
Со оваа пренамена на средства вкупниот износ на планираните приходи и планираните расходи за 2022 година во Финансискиот план не се менува, односно Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година содржи:
-приходи во вкупен планиран износ од 1.029.900.000 денари и
-расходи во вкупен планиран износ од 1.029.900.000 денари.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, и даде согласност на истиот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи да се достави спецификација колкави биле трошоците за Евровизија минатата година, а колкави ќе бидат оваа година, за да се увиди колкава е разликата и во кои ставки ќе се заштеди финансии.
Виолета Димевска посочи дека ќе ги извести колегите од надлежната редакција во МТВ да изготват таков документ за наредната седница на Програмскиот совет.
По расправата Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година, со дополнување на средства.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.

Виолета Димевска објасни дека Со потребата од пренамена на дел од планираните износи во годишниот Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година, а согласно потребите на Македонска телевизија како и согласно Барањето за пренамена со архивски број 14-1165/1 од 16.02.2022 година доставено од страна на Директорот на Македонска телевизија, се јави потреба од дополнување и на Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2022 година.

Имено, Годишниот план за јавни набавки за 2022 година се дополнува со нова ставка и тоа:

-Во Дел II - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги се воведува нова ставка под реден број 42 со наслов Набавка на услуги за сателитски сегмент која има планирана/проценета вредност во износ од 7.790.000 денари без ДДВ.

Оттука, износот од 76.864.000 денари без ДДВ кој досега беше вкупна планирана/проценета вредност во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година се зголемува за 7.790.000 денари без ДДВ и сега изнесува вкупно 84.654.000 денари без ДДВ.

Планираните износи кај останатите ставки во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година остануваат непроменети.

Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,со дополнување на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година,со дополнување на средства беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година, со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2022 година,со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Ословувањето на МРТ како НРТ во јавноста и реакција на тоа.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац кажа дека оваа точка како и наредната се по иницијатива на членот Јагнула Куновска, а поради тоа што претставници на власта во државата на јавни настани јаословуваат МРТ како НРТ.

Токму поради сето ова беше поканет и Директорот на МРТ да дискутираме на оваа тема за евентуални заеднички активности, и за еден заеднички став во врска со тоа ословување, кое што е надвор од законскиот назив на куќата.
Бидејќи беше констатирано дека Директорот на МРТ не е присутен на самата седница,едногласно беше усвоено точката да биде префрлена на дневен ред за наредната седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Активности во врска со договорот со р.Бугарија за реципрочно пренесување на сигналите на Јавните медиумски сервиси од другата држава.**
И по оваа точка согласно горенаведените причини од предходната точка, едногласно беше усвоено точката да биде префрлена на дневен ред за наредната седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6:Активности на Комисијата за утврдување одговорност во МРА и Комисијата за имплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
По однос на оваа точка излагање имаше Директорот на заеднички функции и администрација Горан Атанасов како член на двете комисии,кој пред присутните објасни до каде е стигната работата на двете Комисии за утврдување одговорност во МРА и Комисијата за имплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Снежана Клинчарова истакна дека дека сета оваа постапка е добра, но дали МРТ има во план да прибегне кон изработка на Правилник за да спречи натамошни злоупотреби, независно дали ќе се чека и ќе има некои надворешни постапки и одлуки.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија истакна дека по однос на работата на Комисијата за имплементација на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има подготвено свои предлози и побара да биде известен за наредниот состанок на Комисијата, како би можел да земе учество.

**ТОЧКА 7:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледано барање од Живко Маневски раководител на Сектор РА продукција со бр.13-98/2, во кое се бара правно произнесување по однос на законитоста на критериумите за доделување на јубилејни награди во МРТ, бидејќи предходно истиот не добил никаков одговор од Секторот за правни работи во МРТ.
По разгледувањето на барањето беше констатирано дека Програмскиот совет на МРТ не е надлежен да дава правни мислења по прашања од Колективниот договор на МРТ, а додека за измени и дополнувања на Колективниот договор има точно утврдена законска постапка.

Седницата заврши во 12:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

---

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател